12-691/4
30.04.2025

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), врз основа на член 22 став 1 и став 3, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива - по допрен глас, заведен под број 12-8103/1 од 05.09.2022 година, за проверка на вработувањата со договори на дело, авторски договори и договори за вработување на определено време склучени од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ, на 16- та седница одржана на 28.03.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 12-8103/1 од 05.09.2022 година, за проверка на вработувањата со договори на дело, авторски договори и договори за вработување на определено време склучени од страна на ///, за период од 2012 година до 2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот – по предметните наводи се водат постапки пред други надлежни органи – Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство ///.

Предметот заведен под број 12-8103/1 од 05.09.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиени сознанија по допрен глас, за постоење на основи за сомневање за злоупотреба во /// при склучувањето на договорите за дело, авторските договори и договорите за вработување на определено време за период

од 2012 година до 2022 година, односно поради постоење на основи за сомневање за сторени повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите од страна на /// при склучување на наведените договори, ДКСК на колегиум одржан на ден 31.08.2022 година донесе Заклучок и врз основа на истиот изготви Службена белешка за оформување на предмет број 12-8103/1 од 05.09.2022 година.

Со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, согласно член 23 став 2 и член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на ден 20.09.2022 година ДКСК се обрати до ///, со барање да ги достави потребните податоци, информации и договори.

Постапувајќи по барањето на ДКСК, на ден 14.10.2022 година /// достави дел од документација, со известување дека доколку дополнително биде пронајдена документација во Архивата на ///, а која се однесува на останатите побарани ставки, истата ќе биде доставена до ДКСК.

Согласно приложената документација ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Во наведениот период од 2012 до 2022 година во ///, биле склучени повеќе договори за дело и авторски договори.

Договорите за дело и авторските договори не се дел од работното законодавство, односно истите не претставуваат правни институти врз основа на кои може да се заснова работен однос, како што се договорите за вработување на определено и неопределено време, согласно Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници. Договорите за дело се облигациони договори и се уредуваат согласно Законот за облигационите односи, додека пак авторските договори се уредуваат согласно Законот за авторско право и сродните права и Законот за облигационите односи.

Согласно член 619 од Законот за облигационите односи: *„Со договор за дело вршителот на работата (претприемач, изведувач на работи) се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му плати надомест.“*

Согласно член 65 став 1 од Законот за авторското право и сродните права: *„Авторот може пренесувањето на материјалните права на други лица, да го врши со пишан договор, доколку со овој закон поинаку не е определено.“*

Поголем дел од државните институции, вклучително и ///, изминативе децении, со цел да го пополнат недостатокот на работна сила и заради поедноставување на постапката за ангажирање на работници, го користат правниот институт договор за дело и авторски договори, наместо да спроведат постапка за вработување согласно Законот за работните односи и Законот за вработените во јавниот сектор и Закон за административни службеници. Прекумерноста од склучувањето на овие договори за ангажман на лица во јавниот сектор, долгорочно може да наштети на квалитетот и ефикасноста во извршувањето на работите и работните задачи во јавниот сектор.

Согласно член 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.“*

Со Барање за доставување податоци и информации со број 12-691/1 од 10.02.2025 година ДКСК се обрати до Јавно обвинителство на РСМ, од кого побара да достави информација за тоа дали обвинителство има оформено предмет во кој постапува во врска со наводите од предметот.

Како одговор на Барањето на ДКСК со број 12-691/1 од 10.02.2025 година, Јавното обвинителство на РСМ до ДКСК проследи известување на Основното јавно обвинителство /// – дека од страна на Управата за финансиска полиција во Основното јавно обвинителство /// на ден 05.02.2025 година е поднесена кривична пријава против директорот на институцијата, за кривичните дела Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот законик, Проневера во службата од член 354 од Кривичниот законик и Примање поткуп од член 357 од Кривичниот законик, за периодот додека бил директор на ///.

Врз основа на горенаведената фактичка состојба, ДКСК утврди дека во врска со наводите од предметот со број 12-8103/1 од 05.09.2022 година се водат постапки пред други надлежни органи – Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство ///.

Оттаму, ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 12-8103/1 од 05.09.2022 година, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК